Приватна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БРЕИНСТЕР НЕКСТ
Бр. 08-695/3
23.09 2025 год.
СКОПЈЕ

BRAINSTERNEXT

**РАСПОРЕД НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ**

за академска 2025/2026 година на академскиот кадар на

Високата стручна школа Бреинстер Некст Скопје

## 1. Општи информации

Според општите и поединечни акти на Високата стручна школа Бреинстер Некст Скопје (во понатамошниот текст: Бреинстер Некст), определувањето на работните задачи на академскиот кадар, како и распоредот на работните задачи, се утврдува во согласност со активностите кои академскиот кадар ги има во текот на академската година.

Поставувањето на работните задачи на академскиот кадар се темели на трите основни принципи за работа на Бреинстер Некст Скопје, а тоа се:

- Посветеност на студентот
- Посветеност на професијата
- Посветеност на институцијата

Овие водечки принципи се придружувани од основните вредности на Бреинстер Некст:

- континуирано подобрување, иновација и автоматизација
- тимска работа и индивидуална продуктивност
- ориентираност кон студенти
- постојано учење и индивидуален развој

## 2. Работни обврски на наставник со полно работно време

Работното време на академскиот кадар вработен со полно работно време на Бреинстер Некст не е фиксно определено и се реализира според академскиот календар и распоредот на часови, а во рамките на оптоварувањето на академскиот кадар утврдено со интерните акти на Бреинстер Некст..

Минималниот број на часови за кои се оценува дека наставник има академско оптоварување изнесува 20 контакт часови неделно во кои се вклучуваат следните работни обврски: изведување на настава со фонд на часови од најмногу 12 часови неделно на прв циклус студии; изведување на лабораториски вежби на еден предмет на прв циклус студии; менторирање на студенти.

Во рамки на работното време, се пресметуваат, вклучувајќи, но без ограничување и часовите потребни за подготовка на предавањата, консултации со студентите, состаноци на работни тела, истражувачка работа, одржување на испитни сесии редовни и поправни, како и оценување на студентите, научна и публицистичка дејност, работа на проекти со студентите, административна и индивидуална работа и слично.

Минималниот број на часови за кои се оценува дека наставник ќе има оптоварување изнесува 20 часови неделно, во кои се вклучени часови предвидени за настава на прв циклус студии, часови за работа на проектни активности со студентите и/или учество во комисии, како и за административни обврски.

Останатите часови од работното време се очекува наставникот да ги помине во индивидуална подготовка за активностите потребни за изведување на настава како и административни обврски.

Бреинстер Некст го поддржува академскиот кадар за земање активно учество во работата на органите на Бреинстер Некст, што ги вклучува, но без ограничување, следните активности: присуство и активно учество на седници на наставнички совет; присуство и активно учество на состаноци на оперативните колегиуми, како и присуство и активно учество на состаноци на други постојани и/или повремени тела на Бреинстер Некст.

Распоредот на предавања на Бреинстер Некст според календарот за тековната академска година се објавува најмалку 10 дена пред почетокот на академската година, односно претстојниот семестар, и е достапен на веб страницата на Бреинстер Некст.

**Бреинстер Некст Скопје**

**Наставнички Совет**

**Директор**

______________________

**М-р Ања Марија Макеска**